ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2018

GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-5216
17. 05. 2019 год.
СКОПЈЕ

[ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018]

Почитувани акционери,

Во 2018 година, Друштвото следејќи го трендот на капиталните финансиски инвестиции во земјата, како основи на деловното работењето на Друштвото и процесот на воведување на економска стабилност, резултираше со намалена активност, која неминовно беше рефлектирана од геополитичката и економската состојба.

Предизвикот од оваа општествено економска ситуација на намалени капитални инвестиции и стопирани клучни капитални проекти во градежништвото, беше надминат и резултираше со позитивен резултат, кој се должи на воспоставените практики за адаптација на долгогодишниот изграден систем на кој фукционира Друштвото, адаптибилен на таквите промени во стопанството. Како резултат на бескомпромисната решителност за остварување и одржување на квалитетот и високите стандарди во градежништвото, остварувањата дојдоа како резултат на волјата за одржување на веќе стекнатото, остварено преку системот на одржливи вредности, како што се посветеноста на работата, транспарентноста, тимската работа, но и тековните вложувања и надградувања на нашите вработени и технологии. Сето тоа, со цел да со иновативните решенија и новини успешно се надминат ситуациите на намалена градежна активност во стопанството, преку намалување на трошоците и подготвување и зголемување на конкурентноста за успешност на странските пазари.

Во 2018 година се заврши 14 Проекти, а се потпишаа 12 нови градежни договори, во тек на изведба се 37 проекти.

По 2 години превирања на политичката сцена, поставувањето на економската стабилност и развој како приоритетна цел, е поттик за идното градење на Друштвото. Новиот потенцијал со позитивните гледишта и насочување кон економскиот раст и развој, преку различни мерки на политичко економската сцена, доколку бидат остварени, ќе дадат можност за зголемување на активностите, а со тоа и остварување на повисоки резултати. Тековно ќе се следат иновациите во градежниот сектор и плански ќе се спроведуваат инвестициите врз основа на потребите на градежните проекти.

Ќе останеме насочени на доквалификација на работната сила како движечка моќ на нашите активности, како и промовирање на можностите кои ги нуди Друштвото за надминување и обезбедување на квалификувана работна сила во дефицитарните области. Во таа смисла, Друштвото континуирано соработува со средните технички училишта и со високо образовните институции во спроведувањето на ваквите планови и програми.

Сето ова, секако, е насочено кон остварување на целите за континуиран раст и развој на Друштвото, со остварување на позитивни резултати на задоволство како на клиентите, така и на нашите вработени и секако на акционерите за нивната доверба и поддршка во процесот на управувањето и развојот на Друштвото.

Управен Одбор

ГД Гранит АД Скопје

ЗА НАС

ГД Гранит АД Скопје својата препознатливост како градежна компанија која е синоним за квалитет и одговорност во Р.Македонија, ја гради повеќе од 65 години и на тој начин преку остварувањето и извршувањето на договорите кои ги има со своите клиенти, заеднички, обезбедува долгорочен напредок и економски развој.

Квалитетот што го нуди ГД Гранит АД Скопје е традиција и директен резултат на успешно лидерство и бескомпромисно почитување на нашите вредности – безбедност, квалитет, етика, интегритет и долгорочна одржливост и развој. Оттаму, ГД Гранит АД Скопје постојано се стреми кон воспоставување на одржлив систем на вредности, иновација и подобрување на квалитетот на живот, бидејќи угледот на нашата компанија зависи од вредноста што истата ја има во очите на оние за кои градиме.

Континуираното спроведување на политиките за квалитет, ефикасност во работењето, иновативност и општествено одговорните политики се клучот на успехот и причината зошто ГД Гранит АД Скопје тековно, го потврдува и постојано зацврстува своето место како водечка градежна компанија во приватниот стопански сектор во Р.Македонија, одговорна за извршување на големи и комплексни проекти во земјава и во странство.

Следењето на општествените промени и состојбите на пазарот резултираа со развивање на капацитетите на Компанијата согласно современите потреби на денешницата, поради што развиваме и применуваме првокласна светска технологија, бараме и спроведуваме најдобри идеи и континуирано вложуваме во обезбедување високо ниво на компетентност и континуиран напредок на вработените, поради што ГД Гранит АД Скопје денес егзистира како високопрофесионална и технолошки опремена градежна компанија со можност за реализирање на најкомлексни градби.

Системот на корпоративното управување се базира на законските прописи и Статутот на ГД Гранит АД Скопје и како таков обезбедува ефикасно и транспарентно управување на Компанијата преку воспоставен двостепен систем на управување – Надзорен Одбор и Управен Одбор. Собранието на акционери, како највисоко тело одлучува за прашања регулирани со закон и доверени со Статутот на ГД Гранит АД Скопје. Внатрешната организациона поставеност на Компанијата е врз основа на поделба на работите по организациони единици, работни единици, служби и сектори кои делуваат во рамките на Друштвото, додека дел од останатите дејности кои не спаѓаат во неговата претежна дејност, ги врши преку друштва формирани во целосна сопственост на ГД Гранит АД Скопје.

Делувањето на странските пазари се остварува преку друштва во целосна сопственост на ГД Гранит АД Скопје, формирани како друштва со ограничена одговорност / подружници / деловни единици во странство.

Како најголем градежен изведувач во земјата, ГД Гранит АД Скопје, е лидер во сите поголеми сегменти од пазарот, а наша долгорочна стратешка заложба е пружање градежни услуги со препознатлив квалитет преку соодветна техничка и професионална експертиза.

СТРУКТУРА НА ГД ГРАНИТ АД Скопје

ГД Гранит АД Скопје е основано како акционерско друштво, кое согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото има воспоставено двостепен систем на управување, преку Управен Одбор и Надзорен Одбор.

Во 2018 на органите на управување и надзор исплатен е бруто износ од 48.825.828 денари на име надоместоци за плата, награда и надоместок за учество во органите на управување.

Членот на Управен Одбор - Венко Зафиров е вработен во фирмата Конер Компјутери ДОО Скопје, каде од својот работен однос остварува надоместоци во бруто износ од 592.488 денари.

Членот на Надзорниот Одбор – Горан Марковски е вработен во КБ Публикум Инвест АД Скопје, каде од својот работен однос остварува надоместоци во бруто износ од 3.606.236 денари.

Организациона структура



УПРАВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

ГД Гранит АД Скопје своето успешно постоење го должи секако на правилното бизнис-ориентирано менаџирање и следењето на потребите на Друштвото, а сето тоа преку воспоставување на деловна политика на управување, која првенствено се базира на планирање, одлучување и спроведување на одлуките кои се донесени во согласност со законските прописи, Статутот на Друштвото, другите општи акти и одлуките на Собранието на акционери.

Во таа смисла, Управниот Одбор одржа 14 седници на кои согласно Законот за трговски Друштва, се носеа одлуки значајни за управувањето на Друштвото, од одлуките за разгледување и одборување на годишните сметки на Друштвото, поединечни и консолидирани, како и годишните сметки на друштвата формирани од страна на ГД Гранит АД Скопје, до тековните работи на организација, планирање и насочување за постапките и начинот на извршување на преземните градежни работи, кон обезбедување на навремено и позитивно завршување на работите. Во рамките на обврските утврдени со Законот за трговските Друштва и Статутот на Друштвото, беше донесена и Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна со Хидро Холдинг ДООЕЛ Скопје во која сопственички капитал имаат членот на Управниот Одбор Зоран Милковски и Претседателот на Надзорниот Одбор Ивана Милковска Симева во вредност од 2.176.247 денари, која соодветно беше доставена на одборување до Надзорниот Одбор.

Надзорниот Одбор во текот на 2018 година континуирано ја следеше и контролираше работата на Друштвото и неговата финансиска состојба, управување и резултати, на одржаните 5 седници. На истите, како задолжително утврдени за спроведувањето на контролата врз работењето на Друштвото беа разгледувани и потврдени годишните сметки (поединечни и консолидирани) и беа следени тековните финансиски резултати на Друштвото. Согласно Законот за трговски Друштва и Статутот на Друштвото, беше одобрено барањето за одобрување на зделка со заинтересирана страна со Хидро Холдинг ДООЕЛ Скопје во која сопственички капитал имаат членот на Управниот Одбор Зоран Милковски и Претседателот на Надзорниот Одбор Ивана Милковска Симева во вредност од 2.176.247 денари.

Организационите единици, работните единици, секторите, службите и деловните единици тековно ги реализираа одлуките на менаџментот, преку кои се финализираа навремено 14 објекти. Раководниот кадар на истите, ги насочуваше своите вработени кон остварување на така поставените цели, кон предизвикот за остварување и подобри резултати од планираните.

Во врска со своето работење, ГД Гранит АД Скопје, клучот за успехот го има препознато во успешното менаџирање и континуирано наградување и надградување на своите вработени, заради што особено се фокусира во таа насока да го поддржува нивното креативно и критичко размислување и делување. Таквиот пристап дава особени резултати во поглед на прифаќање на договорните задачи и обврски од вработените со особен интерес и желба за постигнување подобри резултати. Од друга страна, таквиот пристап, е и основен предуслов за мотивирање на вработените и зголемување на атрактивноста на самата работа, кај новите работни сили кои се приклучија на Гранит во текот на оваа година.

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ ВО СТОПАНСТВОТО И ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО 2018 ГОДИНА

Во 2018 година економските активности беа приспособувани на новото уредување, што резултираше со намалени градежни активности. Тоа неминовно имаше импликација и се чувствуваше врз градежниот сектор, кој изминативе години беше двигател на економијата и главен причинител на високиот раст на БДП.

Македонските градежници се надеваат на подобрување на состојбите со почетокот на 2019 година, со оглед на моменталната политичка состојба и најавените инвестиции.

Во таа смисла, менаџментот на ГД Гранит АД Скопје во 2018 година, водеше деловна политика насочена кон постигнување разумен баланс помеѓу деловната активност на Друштвото, сопствените стратешки цели и макроекономските услови за работа на пазарот во Р. Македонија.

Имајќи го во вид горенаведеното, активностите на ГД Гранит АД Скопје беа насочени кон целосно искористување на ресурсите, завршување на започнатите проекти и активно реализирање на тековните обврски во договорените рокови, а притоа минимизирање на трошоците и помалку интензивни инвестициони активности.

ГРАДИМЕ ИДНИНА

Во 2018 година активно се работеше на низа проекти во Р.Македонија, меѓу кои најзначајни, а воедно и најголеми се:

- Изградба на Автопат Кичево - Охрид, делница Кичево – Подвис;
- Изградба на Автопат Миладиновци - Штип, делница Свети Николе – Штип;
- Изведба на градежни и градежно-занатски работи за изградба на антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Р.Македонија;
- Изградба на Експресен Пат А3 Штип - Кочани, секција Штип - Крупиште КМ 0+000- КМ14+300;
- Санација и рехабилитација на државен пат А1, делница Неготино - Демир Капија
- Изведба на градежни работи – на Деловен објект КАМ – затворен пазар;
- Изведба на Гасовод Неготино (Кавадарци) – Битола;
- Изградба на Експресен Пат А2, ЛОТ 2 – Делница Крива Паланка - Длабочица

ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ КИЧЕВО - ОХРИД, ДЕЛНИЦА КИЧЕВО – ПОДВИС

Во 2018 година продолжи изведбата на најкомплексната делница на Автопатот Кичево – Охрид, Кичево - Подвис, која се изведува од страна на ГД Гранит АД Скопје, на која специфично и особено сложен градежен подвиг претставуваат двата моста со конзолна методологија на градба.

ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ МИЛАДИНОВЦИ - ШТИП, ДЕЛНИЦА СВЕТИ НИКОЛЕ - ШТИП

Во 2018 година беа изведувани завршните градежни работи на Автопатот Миладиновци - Штип, Секција 2 Свети Николе – Штип. Автопатот претставува значен инфраструктурен проект кој ќе овозможи непречена, брза, модернизирана и безбедна конекција на Штип и Свети Николе со Скопје.

ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ А3 ШТИП - КОЧАНИ, СЕКЦИЈА ШТИП - КРУПИШТЕ КМ 0+000- КМ14+300

Договорот за изградба на Експресен пат А3 Штип - Кочани, секција Штип - Крупиште, се изведува во заедничко здружување со градежната фирма ДГ Бетон АД Скопје, како дел од Проектите за модернизација и рехаблитација на Проектите значајни од инфраструктурата и развојот на стопанството, со овозможување на современа и безбедна конекција на Штип и Скопје. Активностите на оваа секција во 2018 година се во полн ек и се очекува истиот да ја има својата завршница кон крајот на 2019 година. особено сложен градежен подвиг претставуваат двата моста со конзолна методологија на градба.

ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ САЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА

Изведбата на Проектот 145 спортски сали во 2018 година, ја следеше потребата и планот на Инвеститорот, Министерството за образование, за изведба на овој Проект. Во 2018 година се работеше на 16 спортски сали, од кои 5 спортски сали се технички примопредадени на Инвеститорот. Во 2019 година, од 2018 година за изведба ќе се пренесат 11 спортски сали, а се планира воведување за изградба на нови 8 спортски сали.

САНАЦИЈАИРЕХАБИЛИТАЦИЈАНАДРЖАВЕНПАТА1,ДЕЛНИЦАНЕГОТИНО-ДЕМИРКАПИЈА

Овој проект претставува дел од Коридорот 10, кој претставува значајна конекција на територија на Р.Македонија со Р.Србија и Р.Грција. Делницата Неготино- Демир Капија се протега на 8.9 км, на која за прв пат се вгради тип на асфалт БНС 22 со додаток на полимер-битумен, што претставува новина во градежништвото во Р.Македонија, кое решение беше изработено во меѓународна соработка на Градежен Факултет при УКИМ на РМ и Софискиот и Чешкиот Градежен факултет

ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ – АНТЕНСКИ СИСТЕМ ЗА КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАДИОФРЕКФЕНЦИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р.МАКЕДОНИЈА - КУЛА ВОДНО

Во 2018 година продолжи изведбата на Објектот Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Република Македонија. Како еден од најсложените и најкомплексните градежни објекти кои во моментов се изведуваат во Р. Македонија, објектот е импонзантен со својата висина од 155 метри (37 нивоа) и во конструктивна смисла се состои од повеќе функционално-естетски целини. Сложеноста на објектот и екстремните услови во кои се изведува, наметнаа примена на современа технологија на изведба која е од големо искуствено значење за напредокот на инженерскиот кадар на ГД Гранит АД Скопје.

ИЗВЕДБА НА ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ КАМ – ЗАТВОРЕН ПАЗАР

Потврдата за довербата во она што ГД Гранит АД Скопје го нуди како производ и услуги, се склучените договори со приватни инвеститори, од кои како позначаен го издвојуваме изведбата на новиот деловен комплекс на КАМ – затворен пазар (КАМ МОЛ). Објектот се состои од две дилатирани ламели (трговски центар и подземна гаража) и се простира на површина од 5.035 м2, вкупна висина од 30 м, од кои 14 м се под земја - кота 0,00 (4 подземни ката) и 16 м над кота 0,00 м.

ИЗВЕДБА НА ГАСОВОД НЕГОТИНО (КАВАДАРЦИ) – БИТОЛА

Во 2018 година, се извршуваат градежни работи на Гасовод Неготино (Кавадарци) – Битола во должина од 92 км, согласно Договорот со Инвеститорот АД за вршење енергетски дејности Македонски ресурси Скопје. Изведбата на Проектот се врши во заедничко здружување со Рапид Билд ДОО Куманово. Вклучувањето во ваков општествено значаен проект уште еднаш ја потврдува заложбата и довербата во ГД Гранит АД Скопје да биде клучен носител на активностите и инвестициите насочени кон унапредувањето на инфраструктурата, како главен двигател на современото општествено уредување.

АВТОПАТ БАЊА ЛУКА – ДОБОЈ, ДЕЛНИЦА БАЊА ЛУКА – ПРЊАВОР

Проектот „Проектирање и изведба на Автопат Бања Лука - Добој“ во Босна и Херцеговина, којшто служи за поврзување на главниот град на Република Српска со европскиот коридор V–c, а којшто го изведува ГД Гранит АД Скопје како партнер во заедничкото здружување, ГД Гранит АД Скопје и Интеграл ДОО Бања Лука, е пример за успешното делување на Друштвото на странските пазари. Целиот автопат е поделен на 2 (две) засебни делници коишто претставуваат засебни договори, од коишто првата делница „Проектирање и изведба на Автопат Бања Лука – Добој, делница Прњавор - Добој“ финансирана преку кредит од „Европска банка за обнова и развој“ е предадена во употреба во Септември 2016 година. Вториот проект, „Проектирање и изведба на Автопат Бања Лука – Добој, делница Бања Лука - Прњавор“, финансирана преку кредит од „Европска инвестициона банка“ беше пуштен во употреба есента, 2018 година.

ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ А2, ЛОТ 2 – ДЕЛНИЦА КРИВА ПАЛАНКА – ДЛАБОЧИЦА

Во 2018 година ГД Гранит АД Скопје беше воведен во работа за изградба на Експресен Пат А2, ЛОТ 2 – Делница Крива Паланка – Длабочица, во должина од 9 км, кој претставува важен инфраструктурен проект и прва делница за изградбата на модерна и современа инфраструктурна конекција на Р.Македонија со Р. Бугарија.

ДРУГИ ОБЈЕКТИ

Примената на правилата за ефикасно работење во сите услужни организациони единици и сектори обезбеди успешно следење на потребите на оперативните организациони единици за навремено изведување на своите договорни обврски.

Во овие услови, каде покрај овие објекти, ГД Гранит АД Скопје водеше изведба и на низа патни правци низ територијата на Р.Македонија, се создаде потреба од уредување на деловната политика, на начин да се обезбеди најголем степен на ефикасност и рационалност во искористувањето на расположливите ресурси и капацитети. Навременото завршување на преземените градежни активности со овие политики, беше основа за одржување на висок степен на ликвидност во услови на закрепнување на стопанството и значеше непречено извршување на законските обврски, обврските кон добавувачите и вработените.

ГД Гранит АД Скопје за исполнувањето на своите обврски во изведбата на проектите во Македонија и надвор од земјата успешно управува со:

- 9 бетонски бази со капацитет од 30m3/h до 180m3/h и годишно производство на бетон од просечно 210.000 m3;
- 7 Асфалтни бази со капацитет од 40 t/h до 160 t/h и годишно производство на асфалт од просечно 270.000 тони;
- 9 концесии за експолатација (каменоломи) и една сепарација за речен материјал низ цела територија на РМ кои остваруваат годишно прозводство на градежен материјал од 605.382 тони
- 3 армирачки погони (Скопје, Кичево и Неготино)

ФИНАНСИИ

ВОВЕД

Овој годишен извештај и финансиски податоци го покриваат работењето на ГД Гранит АД Скопје за фискалната 2018 година, почнувајќи со Јануари 1, 2018 година до Декември 31, 2018 година. Сите финансиски извештаи, поединечните и консолидираните, се во согласност со Законот за трговските Друштва, сметководствените стандарди, како и Меѓународните сметководствени и финансиски стандарди.

КЛУЧНИ ПОДАТОЦИ

- Остварени се вкупни приходи од 3.986.221.636 денари
- Остварени се вкупни расходи во износ од 3.828.687.425 денари
- Бруто добивка за периодот изнесува од 157.534.241 денари
- Вкупна сеопфатна добивка изнесува 302.709.000 денари

РЕЗИМЕ

ГД Гранит АД Скопје и прокрај предизвикот на намалени капитални активности и стопирањето на дел од Проектите, успешно ја заврши 2018 година. Споредбените податоци со 2017 година покажуваат намалување следејќи го трендот на инвестициите во градежништвото, но тоа не го дефокусираше остварувањето во 2018 година да се одржи на позитивно ниво.

Структурата на остварувања споредбено со 2017 година е следната :

	2017	2018
Елементи	Износ	Износ
Вкупни приходи	4.694.454.968	3.986.221.636
Вкупни расходи	4.475.550.317	3.828.687.395
Бруто добивка	218.904.651	157.534.241
Данок на добивка	0	1.777.551
Нето добивка	218.904.651	155.756.690
Нето сеопфатна добивка	0	146.952.000
Вкупна сеопфатна добивка	0	302.709.000

Структурата на добивката за 2018 е следната:

		2017	2018
1.	Добивка од оперативно работење	144.325.321	113.408.482
2.	Добивка од финансиско работење	74.580.560	44.125.759
3.	Бруто добивка	218.904.651	157.534.241
4.	Данок на добивка	0	1.777.551
5.	Нето добивка (3-4)	218.904.651	155.756.690
6.	Нето сеопфатна добивка	0	146.952.000
7.	Вкупна сеопфатна добивка	0	302.709.000

ВКУПЕН ПРИХОД

Остварените вкупни приходи изнесуваат 3.986.221.636 денари, од кои оперативни приходи се 3.932.198.066 денари и финансиски приходи 54.023.570 денари. Структурата на остварените приходи е следна:

	приходи	2017	2018
1	Приходи од продажба	3.995.486	3.537.362.000
1.1	Приходи од продажба на домашен пазар	3.814.397.000	3.411.728.000
1.2	Приходи од продажба на странски пазар	181.089.000	125.634.000
2	Сопствено производство	171.486.957	97.062.150
3	Останати оперативни приходи	412.733.000	297.773.543
4	Оперативни приходи (1+2+3)	4.579.705.957	3.932.198.066
5	Финансиски приходи	114.749.011	54.023.570
6	Вкупен приход (4+5)	4.694.454.968	3.986.221.636



Графикон бр.1 – Споредба на приходи

ВКУПНИ РАСХОДИ

Остварените вкупни расходи во 2018 изнесуваат 3.828.687.425 денари што во споредба со остварените во 2017 година, бележат пад кога истите изнесуваа 4.475.550.087 денари.



Графикон бр.2 – Споредба на расходи

КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

ГД Гранит АД Скопје, изготвува консолидирана финансиска пресметка во која се вклучени и следните зависни друштва:

1. Хотел Гранит ДООЕЛ Охрид -100%
2. Кар Ваш ДООЕЛ Скопје -100%
3. Подружница Краков, Полска -100%
4. Гранмак Германија -100%
5. ГД Гранит ДОО Бања Лука -100%
6. Подружница Гранит, Бања Лука -100%
7. Гранмак, Австрија -100%

Остварените показатели од консолидираната годишна пресметка на ГД Гранит АД Скопје за работењето во 2018 година се следните:

Позиција	31.12.2017	31.12.2018
Вкупен приход	5.764.761.000	5.055.517.000
Вкупни расходи	5.611.059.000	4.976.675.000
Бруто добивка	153.702.000	78.842.000
Нето сеопфатна добивка	-5.644.000	144.798.000
Вкупна сеопфатна добивка	132.744.000	220.032.000

ПОЛИТИКИ ВО ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ

ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Друштвото континуирано вложува во материјални и финансиски средства кои се поддршка за одржување и успешност во работењето на Друштвото. Во 2018 година, Друштвото има вложено 80 милиони денари или 1,3 милиони евра во нови основни средства.

ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

На годишното Собрание на акционери во јуни 2019 година ќе се врши распределба на остварената добивка за 2018 година. Друштвото ќе продолжи со редовната исплата на дивиденди.

ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ НА ДРУШТВОТО

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките на управување со нив се следните:

-Пазарен ризик;

- Ризик од промени на курсевите на валутите

Друштвото влегува во трансакции со странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик.

- Ризик од промени на цените;

Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

- Кредитен ризик;

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачите се голем број на друштва во земјата и во странство, како и државни институции.

- Ликвидносен ризик;

Ликвидносен ризик постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

- Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење по пат на користење на краткорочни и долгорочни кредити, со цел да обезбеди соодветен поврат на вложувањата. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа во Секторот за сметководство.

ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И КОРЕКЦИИ НА ГРЕШКИ

Сметководствени политики се специфични принципи, основи, конвенции, правила и практики кои се применуваат при подготвување и презентирање на финансиките извештаи. Така, во 2018 година поради намалениот обем на користење на дел од основните средства што ги поседува Друштвото, имаме намалување на амортизацијата.

РАЗВОЕН КОНЦЕПТ НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПЛАНОВИ

Концептот на имплементирање на плановите се базира на постојано планирање, истражување, развивање и примена на предвидените активности. На овој начин ГД Гранит АД Скопје калкулирано, со пресметан ризик, влегува во имплементирањето на своите планови, следејќи ги наведените постапки кои даваат јасна слика и предвидувања за текот, развојот и резултатите од работењето. На тој начин се предвидува ризикот и се преземаат навремени мерки за негово минимизирање или целосно надминување. Со утврдувањето на реалните можности, следејќи ги постапките, дури и високоамбициозните планови не претставуваат потешкотија за ГД Гранит АД Скопје, напротив поттик за докажување и прогресивен раст на Компанијата.

Во еден таков систем, ГД Гранит АД Скопје во 2018 година, реализира и навремено заврши 14 од планирните објекти. Во тек на изведба се уште 37 објекти, чие финализирање се очекува согласно договорните обврски во 2019 година и 2020 година, соодветно.

ИСТРАЖУВАМЕ, РАЗВИВАМЕ, ПРИМЕНУВАМЕ, УСОВРШУВАМЕ

Свесни за движечката сила на иновациите ГД Гранит АД Скопје и во 2018 година дел од своите активности ги насочи кон истражување, развивање и усовршување на своите вработени, технологиите со кои работи, како и модернизација на градежниот и возниот парк и покрај намалениот обем на инвестции во градежништвото, особено во инфраструктурата.

Сепак, инвестирањето во вработените и основните средства како најзначаен фактор за обезбедување на конкурентност и одржлив раст и развој е неизбежна активност и во периодот на обезбедување на економска стабилност, каде истите беа оптимизирани преку серија на набавки на неопходните основни средства за континуирано одржување, особено на градежната механизација, сертифицирање на лабораторијата, посетата на семинари од областа на градежништвото, како и соработката со значајните образовни институции од оваа област на стопанството.

Вкупните инвестиции во основни средства во 2018 година изнесуваат 79.718 илјади денари :

- **материјални вложувања 71.081 илјади денари**
- **нематеријални вложувања 8.637 илјади денари**

Во 2018 година, Гранит успешно го спроведе и го доби Сертификатот за сообразност на фабричка контрола

на квалитет за асфалтна база Корешница, согласно Законот за градежни производи, кој е прв ваков сертификат на територија на Р. Македонија.

Развојот е неминовно поврзан со научно-истражувачката дејност кој ги поставува постулатите на идните новини во технолошките процеси на работа

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА

ГИМ СЕРТИФИКАЦИЈА

Решение за именување од Министерство за економија на РМ бр. 18-155 од 19.10.2016

СЕРТИФИКАТ ЗА СООБРАЗНОСТ НА КОНТРОЛАТА НА ФАБРИЧКО ПРОИЗВОДСТВО

155-ЗГП-0039

Овој сертификат е во согласност со Законот за градежни производи на Р.Македонија (Сл.весник бр. 104/15)

Битуменски мешавини: Асфалтни бетони

Чии имиња, ознаки, својства и други карактеристики се наведени во наведени во прилогот кои се составен дел на овој сертификат, произведени од:

Градежно Друштво ГРАНИТ АД Скопје, ул."Димитрие Чуповски" бр.8, 1000, Скопје

произведени во производствен(и) погон(и):

ГД Гранит АД Скопје, ОЕ Нискоградба-регион Исток, Асфалтна база Корешница-Демир Капија

Со овој сертификат се потврдува дека се применети сите одредби кои се однесуваат на оценка и проверка на постојаноста на својствата пропишани во стандардите :

МКС EN 13108-1:2017

(EN 13108-1:2016)

и се во согласност со системот на сообразност 2+ и дека

Контролата на фабричкото производство ги исполнува сите горе пропишани барања.

Овој сертификат е издаден првпат на 22.01.2019 год и има важност се додека нема промена во хармонизираниот стандард, градежниот производ, методите за оценка и проверка на постојаност на својствата ниту на условите за производство се променети значително или е повлечен/суспендиран од страна на именуваното сертификационо тело за контрола на фабричко производство. Валидноста на сертификатот може да се потврди на веб страната: **www.gim.com.mk.**

ОД: ГС-09/18-06/11

Издание 1

Скопје, 22.01.2019 год.

Раководител на ГИМ Сертификација

М-р Златко Илиевски

Дрезденска 52 Скопје, Македонија
тел : +389 2 30 66 816 ; +389 2 30 66 833
факс: +389 2 30 66 828
info@gimcert.mk ; www.gim.com.mk

Ревизија 03

Страна 1 од 2

и нови подвизи во градежништвото. Во таа смисла, ГД Гранит АД Скопје активно учествуваше со поддршка на повеќе настани од областа на градежништвото, и тоа: 4-ти Конгрес на Македонски брани, Стратешки насоки за развој во европскиот коридор VIII.

Препознавајќи ја својата иднина во младите кадри, ГД Гранит АД Скопје склучи Договор за изведување на предметната програма - Пракса на студиската програма Градежништво, прв циклус на студии, со цел

како практично би ги зацврстил и усовршил знаењата на студентите, како идна движечка работна сила.

Целта е на студентите и средношколците да им се доближи вистинската грандиозност и комплексност на градежништвото, а Друштвото како место каде може да се градат и развиваат во професионалци во своите области.

ГД Гранит АД Скопје верува во мотивацијата и иновативноста на младите кадри и во таа смисла организираше посета на истите на повеќе семинари и конференции. Покрај посетата на семинари и конференции огранизирани од надворешни субјекти, ГД Гранит АД Скопје се стреми и на споделување и унапредување на веќе стекнатите искуства и знаења при изведбата на проектите во земјата и странство. За таа цел, во периодот од 19-ти до 22-ри Април 2018 година, секторот за оперативa ја организираше третата по ред годишна работилница на која учество зема голем дел од инженерскиот кадар, кој ги посети двете делници на Автопатот Бања Лука – Добој, а при што беа дискутирани конкретните решенија при изведба на автопатот, проблемите, стратегиите, значењето на тимската работа, оштетните побарувања и сл.



Во рамките на општознајчаните цели по повод одбележување на Европската недела за безбедност и здравје при работа, и доставена покана од Македонското здружение за заштита при работа како focal point на Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), ГД Гранит АД Скопје се вклучи кон промовирање на кампањата на тема Управување со опасни супстанци.

На 26.10.2018 година во хотел Гранит во Скопје, се одржа презентација од страна на претставници на Македонското здружение за заштита при работа, со цел запознавање на важноста од безбедно управување со опасните супстанци на вработените во Друштвото.

Преку реализирање на овие активности, ГД Гранит АД Скопје станува активен подржувач на кампањата на Европската агенција за безбедност и здравје при работа за 2018 година. Македонското здружение за заштита при работа поднесе извештај за спроведените заеднички активности.

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ЗА 2019 ГОДИНА

За успешно остварување на своите стратешки цели за 2019 година, ГД Гранит АД Скопје ги утврди следниве мерки и активности:

- Повисока рентабилност во извршувањето на работите во рамките на дејноста на Друштвото;
- Постојано следење на квалитетот во изведувањето на градежните работи;
- Зголемување на степенот на опременост со основни средства;
- Зголемување на степенот на инвестции во нематеријални средства;
- Управување со човечки ресурси преку кои се обезбедува повисок квалитет во работењето;
- Обезбедување на економично и ефикасно извршување на работите;
- Усовршување на софтверските решенија за рационално извршување на задачите и обезбедување на контрола над работењето.

Проектите на кои претендира Друштвото се општествено значајни и се финансирани во голема мера од инвестиционите политики на државните субјекти, како најголеми инвеститори во инфраструктурата. Оттука, мерките и активностите во 2019 година, во голема мера сукцесивно ќе го следат трендот на пораст на инвестициите во инфраструктурата, со цел обезбедување на стабилна ликвидност на Друштвото. Работењето ќе се заснова на континуирано планирање, организирање на работната сила и градежната механизација, транспортни средства и постројки, кон постигнување на висок баланс на искористеност на основните средства за работа и работна рака и минимизирање на трошоците, за ефективност и позитивни резултати во работењето. На тој начин, самите капацитети на Друштвото ќе бидат исполнети во целост, но и ќе се обезбеди конкуретност на Друштвото на домашниот и странските пазари, како крајни цели на Друштвото.

Претседател на Управен Одбор на
ГД Гранит АД Скопје

Страшо Мицковски

ГРАНИТ АД Скопје

GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

Димитрије Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија
+ 389 2 3218 700 | info@granit.mk
www.granit.com.mk